**ПРАВИЛА**
**За гребење на Тиго грепка**

1. Право на гребење на грепка

Право на гребење на Тиго грепка имаат постојани корисници на услугите на Тиго МК (‘Корисници’), кои добиле на нивниот телефонски број СМС порака со линк на кој Корисникот може да избере опција да изгребе Тиго грепка, откако ќе ја внесе својата е-мејл адреса и телефонски број на означените полиња. Со внесување на бараните податоци и гребење на Тиго грепка, Корисникот се согласува со овие правилата и изјавува дека е согласен внесените податоци Тиго МК да ги обработува за целите на организирање на Тиго грепка и пресметување на попуст по поднесено Барање за кредит од страна на Корисникот.

2. Поволности

Корисникот по гребење на Тиго грепка може да освои попуст на трошоците на кредитот во висина од 10%, 15%, 20%, 25%, 30%, 40%, или 50%.

По гребење на Тиго грепка, на Корисникот му се доделува единствен промотивен код кој треба да го внесе откако ќе се регистрира на неговиот кориснички профил на веб страната на Тиго МК, или со јавување на телефонскиот број 13700 и потврдување на единствениот промотивен код кој му бил доделен.

3. Времетраење

Линкот до Тиго грепка е активен во период почнувајќи од ден 11.08.2022 година до ден 21.08.2022 година. Корисникот може да го искористи доделениот промотивен код со поднесување на Барање за кредит преку неговиот кориснички профил на веб страната на Тиго МК, или со јавување на телефонскиот број 13700 заклучно со ден 21.08.2022 година.

4. Ограничувања

Корисникот го губи правото на попуст доколку не го исплати кредитот согласно условите предвидени во Договорот за кредит, односно амортизациониот план.

Корисникот го губи правото на попуст доколку по поднесено Барање за кредит, поднесе Барање за трансформација на начинот на отплата на одобрениот кредит.

Секој корисник има право на само едно гребење на Тиго грепка.